## КОНФЕРЕНЦИЈА UNIDO

Во периодот од 24-26.11.2010 година на Машинскиот факултет се одржа работилница во рамките на Проектот “Почисто призводство 2010/2011”. Работилницата како и Центарот за Почисто Производство е финансиски поддржан од Федералното министерство за европски и меѓународни работи на Австрија и имплементиран од УНИДО. Во рамките на оваа работилница и следните две кои ќе се одржат во рамките на овој проект ќе бидат обучени десет нови национални експерти и десет претставници од домашни компании. Во рамките на Проектот ќе се направат и анализи и можности за имплементација на технологии за почисто производство во компаниите кои учествуваат во Проектот.



## ИЗБОР ВО НАУЧНО - НАСТАВНИЧКО ЗВАЊЕ

На следниве наставници им честитаме избор во повисоко научно - наставничко звање:

Доц. д-р Дарко Данев во звање вонреден професор
Доц. д-р Виктор Гаврилоски во звање вонреден професор
Асс. д-р Ана Лазаревска во звање доцент.

**ЧЕСТИТАМЕ!**

## КОНФЕРЕНЦИЈА

Во организација на Македонско - Американската Алумни организација, во периодот од 22 до 25 ноември се оддржа конференција на тема "Подобрување на пристапноста на високото образование кон лицата со посебни потреби". Конференцијата е резултат од грантот од Програмата за развој на млад академски кадар, а е реализирана со поддршка од партнерите: Фридрих Еберт Штифтунг канцеларијата во Скопје и Машинскиот факултет Скопје. Во реализацијата на конференцијата свој придонес дадоа и невладините огранизации Полиоплус, Здружение на студенти и младинци со хендикеп, Mobility Challenge, Фондацијата Борис Трајковски и градот Скопје.



## ОДБРАНА

На ден 12.11.2010 пом. асс. м-р Јована Јованова ја одбрани магистерската работа на тема "Анализа на перформансите на систем за активно пригушување на вибрации".

**ЧЕСТИТАМЕ!**

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Изминатиов месец студентите од насоките МЗКИ и ЗЗК беа на теренска настава низ Македонија. Координатори на теренската настава беа вон. проф. д-р Зоран Богатиновски и проф. д-р Добре Рунчев. Под нивно водство, студентите посетија повеќе индустриски капацитети во Р. Македонија, како ОКТА, ФЕНИ, ИГМ Трејд, Еуротерм и Метеорит - Битола каде се запознаа со производните процеси и технологии.



## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец ноември 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Марјан Гаврилоски и проф. д-р Валентино Стојковски на службено патување во Љубљана, Р. Словенија во периодот од 1 до 6 ноември 2010 година
2. Асс. м-р Кристина Јакимовска на семинар од областа на безбедност во сообраќајот во Р. Србија на 3 и 4 ноември 2010 година.
3. Проф. д-р Атанас Кочов во рамки на активностите поврзани со работата на Европскиот истражувачки центар, реализира службено патување во Италија во период од 17 до 21 ноември 2010 година
4. Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ оствари службено патување во Подгорица, Р. Црна Гора на 8 и 9 ноември 2010 година
5. Доц. д-р Виктор Стојмановски на службено патување во Брисел, Белгија на 18 и 19 ноември 2010 година
6. Вон. проф. д-р Ѓорѓи Аџиев оствари службено патување во Русија од 15 до 29 ноември 2010 година
7. Проф. д-р Милан Ќосевски оствари службено патување во Р. Србија и Р. Словенија во периодот од 22 до 27 ноември 2010 година
8. Доц. д-р Дарко Данев оствари слубжно патување во Р. Словенија во периодот од 22 до 26 ноември 2010 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**08.12.2010**
**"Свети Климент Охридски"**

**28.12.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**30.12.2010**
**26 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2010, ноември, број 95**

***ФАКУЛТЕТСКИ***

***МФС***

***ИНФОРМАТОР***

## АКТИВНОСТИ

Навлегуваме во втората половина од зимскиот семестар. Наставните активности се наоѓаат во најинтензивната фаза. Првите проверки на знаењето и наученото веќе пројдоа. Презентациите на Машинскиот факултет низ средните училишта во Македонија започнаа и се одвиваат со несмалено темпо.